351.746.5 : 330.1 Scientific article

# НОВАТА ПОЛИТИЧКА ЕКОНОМИЈА НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ[1]

Adam White, PhD
Centre for Criminological Research, School of Law, University of Sheffield
E-mail: adam.white@sheffield.ac.uk

## Апстракт

Овој труд нуди нова агенда на истражување за толкување на траекторијата и динамиката на приватната безбедност: „нова политичка економија на приватната безбедност". Трудот тргнува од премисата дека клучниот предизвик во оваа област е да се изгради агенда која зема предвид како економскиот контекст (промените во понудата и побарувачката) и политичкиот контекст (државно-центрични концепции на легитимитетот) на домашната безбедност влијаат на обликувањето на дејствувањето на современите приватни безбедносни служби. Во обидот да одговори на овој предизвик, трудот не само што се надоврзува на веќе преземените значајни теоретски истражувања во форма на модели на јазолно управување (nodal governance) и на вкотвен плурализам (anchored pluralism), туку фрла и нова светлина врз природата на домашната приватна безбедност.

**Клучни зборови:** легитимитет, држава, пазар, полиција, приватна безбедност.

## Вовед

Обезбедувањето на внатрешната безбедност минува низ процес на значајна трансформација. Во напредните демократски земји ширум светот, монополистичките и државно-центристички системи сѐ повеќе им го отстапуваат просторот на поплуралистичките системи во кои јавните полициски сили и приватните безбедносни компании работат едни покрај други во фрагментарни безбедносни мрежи. Оваа

[1]Друга верзија на оваа статија е објавена во списанието *Theoretical Criminology*, vol. 16,no. 1, 2012, pp.85-101.

трансформација влијае на испорачувањето на многу суштински човечки вредности - вклучувајќи ги мирот, демократијата и човековите права - на дневна основа. Со оглед на нивната важност, проширувањето на домашната приватна безбедност привлече значително академско внимание во последниве децении, притоа доведувајќи до појава серија различни емпириски и теоретски патеки на истражување (за клучните придонеси види во: Shearing and Stenning, 1981, 1983; Johnston, 1992; Jones and Newburn, 1998; Johnston and Shearing, 2003; Wood and Shearing, 2007; Loader and Walker, 2007; Zedner, 2009). Иако овие патеки на истражување послужија за значително продлабочување на нашето разбирање на овој тренд, неретко се јавува недостиг на здружено размислување во оваа истражувачка област. Научните работници настојуваат да најдат одговори на различни истражувачки прашања, честопати имаат тенденција да зборуваат за различни проблеми, верувајќи дека разговараат на иста тема, така оставајќи недоволно проучени голем број на важни прашања како што се моделите на раст на приватното обезбедување, динамиката на легитимацијата, различни логики на безбедносната регулација и односот помеѓу безбедноста и јавното добро. Една причина за оваа фрагментација лежи во фактот дека едвај и да постојат обиди за поврзување на овие различни патеки на истражување во рамките на една поширока истражувачка агенда. Целта на оваа статија е да се развие таква агенда: „нова политичка економија на приватно обезбедување".

Изградбата на оваа агенда е водена од нормативната посветеност на рамката на „новата политичка економија" развиена од Gamble et al (1996). Во оваа рамка, традиционалните дихотомии меѓу политиката/економијата, државите/пазарите и структурата/дејноста се свесно расчленети и преформулирани во еден интегриран пристап дизајниран со цел да остави впечаток за мноштво ограничени рационалности кои ги движат општествените феномени (Gamble et al, 1996: 5-6).Ова е особено корисен пристап со кој повторно може да се (пре) организира сегашното емпириско и теориско истражување на домашната приватна безбедност, бидејќи тоа честопати се карактеризира со таквите дихотомии. Некои од најголемите проблеми во оваа област се наоѓаат во сивата зона каде што политиката/економијата, државите/пазарите и структурата/дејноста меѓусебно се судираат и заемно се конституираат. Исто така, овој пристап генерира вредни увиди со воведување на пристапот на современата политикологија во областа на истражувањата во која моментално доминира криминолошкиот пристап на истражување, така што води до мултидисциплинарно разбирање на овие прашања. Како таков, префиксот „нова" во насловот не само што одразува нормативна припадност кон една специфична аналитичка рамка, туку и го нагласува фактот дека статијата зацртува значаен нов емпириски и теоретски терен.

Наспроти ваквиот бекграунд, трудот е изложен во три фази. Прво, тој тврди дека поголемиот дел од емпириските истражувања за домашната приватна безбедност (имплицитно) се спроведуваат или во економски контекст, којшто се фокусира на законите на понудата и побарувачката, или во политички контекст кој го нагласува уверувањето кое е длабокото вградено во културата дека безбедноста е инхерентна владина функција, но ретко кога во рамки на двата контекста истовремено. Како резултат на тоа, се оценува дека еден од главните предизвици во оваа област е да се постави агенда која ги охрабрува истражувачите да откријат како и двата контекста симултано го обликуваат секојдневното постапување на домашните приватни безбедносни актери. Второ, во статијата се тврди дека иако двете главни теоретски рамки во оваа област – моделот на јазолно управување (види Johnston and Shearing, 2003; Wood and Shearing 2007) и модел на закотвен плурализам (види Loader and Walker, 2006, 2007) - заедно прават корисен придонес во поглед на предизвикот на водечките истражувачи кон политичката економија на приватното обезбедување, ниту еден од нив не обезбедува балансирана и интегрирана рамка. Трето, се тврди дека се потребни серија нови истражувачки прашања, методолошки техники и аналитички предлози, со цел поефикасно да се поттикнат идните истражувања во насока на политичката економија на приватно обезбедување.

### *Политички и економски контекст*

Во текот на изминатите две децении, истражувачи од поголем број различни дисциплини придонесоа со своите значајни сознанија за динамиката на домашното приватно обезбедување во напредните демократски земји. На прв поглед се чини дека оваа мултидисциплинарната научна продукција става во една рамка широк спектар на тенденции кои се спротивставуваат на едноставна категоризација. Гледано низ перспектива на новата политичка економија, сепак, можно е да се идентификуваат два мета-трендови: првиот се однесува на економскиот контекст на домашното приватно обезбедување, а вториот се однесува на политичкиот контекст.

### *Економски контекст*

Економскиот контекст се однесува на менливите законите на понудата и побарувачката во домашниот безбедносен сектор. Секое истражување спроведено во овој контекст се стреми да произведе економски наратив во којшто приватните безбедносни

агенции се концептуализирани како економски субјекти чија примарна мотивација е да ги искористат предностите на пазарните флуктуации за да ги прошират своите комерцијални операции. Овој наратив започнува со истражување на промените на страната на понудата непосредно во повоената ера, пред да премине на страната на факторите на побарувачката.

Во средината од дваесеттиот век, домашните безбедносни сектори во голем број напредни демократски земји доминираа добро екипирани сили на јавната полиција. Во согласност со повоената Кејнзијанската економска политика, зголемената побарувачка за домашната безбедност во тоа време се задоволуваше со зголемување на понудата на јавните полициски ресурси (Braithwaite, 2000; Ayling, Grabowsky и Shearing, 2009). Оттука, не постоеше побарување за приватно обезбедување. Пукнатини во овој монополски систем почнаа да се појавуваат во текот на 1970-тите и 1980-тите години, односно со почетокот на фискалната криза во многу напредни демократски (кејнзијански) држави. Вложувањето во јавни служби опадна паралелно со ограничувањето на ресурсите и со појавата на неолибералниот менталитет на владеењеч; јавните полициските сили веќе не беа доволно добро екипирани да ги задоволат барањата за домашната безбедност, што создаде безбедносен вакуум што беше соодветно експлоатирано од бизнис давателите на услуги од приватно обезбедување (види Jones и Newburn, 1998: 98-104).

Иако оваа анализа на страната на понудата има голема вредност, таа не ја дава целата слика. иако државните вложувања во јавните служби навистина опаднаа во текот на 70-тите и 80-тите години, во многу земји, всушност, тоа не беше случај и државните вложувања продолжија да растат. Braithwaite (2000: 49), на пример, покажува дека во периодот меѓу 1970 и 1990 година бројот на полицајци во Велика Британија и САД се зголемил за 35 отсто, односно за 64 отсто. На прв поглед, оваа корекција се чини дека ја доведува во прашање анализата правена од страна на понудата. Сепак, продлабоченото истражување покажува дека тоа не е случај, бидејќи порастот на трошоците за полицијата не успеа да одржи чекор со побарувачката за домашна безбедност, кој од 70-те години наваму се забрзува со сè поголема стапка. Како последица на тоа, сè уште постоеше дефицит на страната на понудата кој приватните безбедносни служби беа во можност да го искористат. Но, овој дефицит бил предизвикан од ескалацијата на побарувачката за домашна безбедност, а не од намалувањето на државни вложувања во јавната полиција. Зошто побарувачката се забрза со таква динамика?

Како за почеток, стапката на криминал во многу развиени демократски земји постојано се зголемуваше во текот на овој период, стимулирајќи ја побарувачката за домашна безбедност (Gurr, 1977; Maguire, 2007). Исто така, како што истакнува Рајнер

(1992), моделите на криминал во многу од овие земји, исто така, станаа покомплексни, во согласност со постепената плурализација на општествените односи засновани врз класна, полова, идентитетска и верска основа, што создаде тешкотии за монолитните јавни институции како што е полицијата да се борат против криминалните активности. Ова објаснува не само зошто побарувачката за безбедност се зголемуваше во целина, туку и зошто значителен размер од ова побарување бил задоволен од приватните даватели на безбедноста, бидејќи услугите испорачани од овие флексибилни пазарно-ориентирани организации можеа (барем теориски) да бидат поефективно прилагодени кон локализираните и партикуларистички безбедносни потреби, коишто резултираа од овие трендови (Wood и Shearing 2007).

Дополнителен извор на побарувачка настана како резултат на безбедносниот фетишизам. Во многу напредни демократски земји постои зголемена желба за ублажување на субјективните чувства на несигурност - коишто се шират како последица на променетите модели на криминалот и на подемот на сè поиндивидуалистичкиот неолиберален поглед на светот - преку акумулација на уште повеќе безбедносни производи и услуги (Zedner, 2003; Jones и Newburn, 2006; Neocleous, 2008). Значајно, овој фетишизам се самоперпетуира. Колку што повеќе полициски службеници или припадници на приватното обезбедување патролираат во јавно достапните простори, толку повеќе граѓаните се потсетуваат на нивната несигурност, така што дополнително се стимулира нивната желба за безбедносни производи и услуги (Zedner, 2003: 163). Дали подгревањето несигурност е свесна бизнис стратегија која се користи од страна на приватните безбедносни служби за одржување на постојана побарувачка за нивните услуги или не, е прашање за дебата. Некои тврдат дека на тоа може да се гледа како на еден вид на заговор (Neocleous, 2008: 145-160). Сепак, многу е веројатно дека таквата несигурност е само една од многуте ненамерни последици на дејноста на приватната безбедност.

И на крај, менувањето на имотно-правните односи, исто така, ја стимулира побарувачката за домашната приватна безбедност преку зголемување на капацитетот на граѓаните да избираат помеѓу различните модели на добивање безбедност. Клучниот тренд тука е појавата на она што Shearing и Stenning (1981, 1983) славно го нарекоа "масовна приватна сопственост" – со други зборови, експанзивни зони на приватна сопственост кои претежно се користат како јавни места, како што се трговски центри, индустриски комплекси, заштитени заедници итн. (види исто Kempa et al, 2004). На ваквиот имот, како што забележуваат Shearing и Stenning (1983), сопствениците имаат загарантирано право да вработуваат приватни безбедносни служби со цел да ги контролираат пристапот и однесувањето во неговите граници. Ова, за возврат создава латентна побарувачка за

приватно обезбедување, кое лесно може да се актуализира ако сопствениците не се задоволни со јавната полиција - или едноставно сакаат да ја дополнат.

Јасно е дека овие економски флуктуации во понудата и побарувачката имаат длабоко влијание врз однесувањето на приватните безбедносни служби. Важно е што сепак и ова во никој случај не е целата приказна. Дополнителните истражувања покажаа дека активностите на приватните безбедносни служби се обликувани и од политичкиот контекст на домашниот безбедносен сектор.

### *Политички контекст*

Политички контекст се однесува на длабоко вкоренетите политички вредности кои се центрирани околу идејата дека домашната безбедност треба да биде обезбедена исклучиво од страна на државата, целосно ослободена од мешање на комерцијалните интереси. Истражувањето спроведено во овој контекст настојува да произведе политички наратив во којшто приватните безбедносни служби фигурираат како политички актери коишто сакаат да продрат низ овој сложен политички терен во обид да добијат легитимитет (а со тоа и подобрат атрактивноста на) своите комерцијални операции. Овој наратив обично започнува со истражување на историските односи меѓу јавниот и приватниот сектор во поглед на домашната безбедност, пред да се премине на последиците од овој однос за современите приватни безбедносни служби.

Иако ниту една држава некогаш целосно не го остварила вистинскиот веберијански монопол во гарантирањето на безбедноста, голем број на развиени демократски држави дојдоа сосема близу до овој идеален-тип на институционален аранжман во средината на дваесеттиот век така што оставија силен впечаток за негово постоење. Исто така, дискурсот на политичките лидери во овие земји често се повикува на идејата на државен монопол, а со цел да се оправдаат државните активности, што исто така дополнилено го зајакнува овој широк впечаток (Shearing, 1992). Така, популациите ширум светот постепено почнаа да очекуваат дека државата треба да ја монополизира домашната безбедност и, аналогно, да ја смета секоја институција која се чини дека го поткопа овој монопол како неморална и неправедна (види: Garland, 1996: 448-449 ; Rawlings, 2000: 61; Brodeur, 2007: 119-120). Во многу развиени демократски земји, овие очекувања се трансформирани во интер-субјективни вредносни норми кои ги обележуваат социо-политичкире контури на гарантирањето на внатрешната безбедност денес. Една значајна последица на овие норми е во тоа што проширувањето на операциите на

приватните безбедносни служби се соочуваат со отпор, бидејќи нивното присуство е против јавните очекувања за тоа како треба да се гарантира безбедноста (Loader, 1997a /b/c; Loader и Walker, 2001, 2007). Оттука, тие развиваат голем број на политички стратегии креирани со цел да се одговори на ваквиот отпор.

На пример, многу даватели на безбедносни услуги отворено настојуваат во своите редови да регрутираат пензионирани полициски и воени офицери, како и такви кои дел од своето време по завршувањето на работните часови го нудат на приватните субјекти за надомест, а со цел директно да се вклучат (поранешни) претставници на државниот монопол во нивните комерцијални операции. Во некои земји, како што се САД, ангажирањето во дополнителен работен ангажман по работното време (moonlighting) е особено честа појава. Sklansky (1999: 1176) забележува, на пример, дека во некои американски полициски оддели повеќе од половината од полициските службеници се вработени од страна на приватните безбедносни компании во одреден капацитет. Исто така, според Stewart (1985: 761) "некои градови дозволуваат таквите службеници да ги носат своите униформи, значки и пиштоли врз основа на теоријата дека зголеменото полициско присуство во една област колку што е од јавна, толку е и од приватна полза" (види исто Ayling, Grabowsky и Shearing, 2009: 133-156). Оваа политика служи за замаглување на границата помеѓу јавната и приватната полиција на начин кој оди во корист на приватните безбедносни служби, бидејќи тоа на нивното работење му пренесува одреден степен на симболички легитимитет, сличен на државниот, што на големо се очекува од домашните безбедносни актери. Во други земји, како Австралија, Јапонија и Велика Британија, се одвива паралелна динамика во однос на пензионираните јавни полициски и воени офицери, кои се интегрирани во редовите на приватните безбедносни компании во нешто што се чини дека е сличен свесен напор да се создаде општ впечаток на 'државност' (Yoshida, 1999; Ayling и Shearing, 2008; White, 2010).

Друга (и сродна) стратегија која се користи од страна на приватни безбедносни служби е доделувањето униформи на нивните службеници кои ги имитираат униформите на јавната полиција. И покрај фактот дека оваа практика е забранета или строго ограничена во многу земји (види Bunyan, 1977; Yoshida, 1999; White, 2010), практиката продолжува со несмалено темпо низ целиот свет. Ова е важен тренд, бидејќи, како што забележуваат Thumala, Gould и Loader (2011) "употребата на униформи, значки и возила слични на полициските (и се наменски дизајнирани да наликуваат на нив) индицираат обид да се обезбеди легитимитет по пат на асоцијација`. Оваа визуелна мајсторија уште еднаш се чини дека е дизајнирана да им даде на приватните безбедносни провајдери привид на `државност` во очекување дека тоа ќе биде поприввлечно во контекст на

длабоко вкоренетите државно-центрични политички норми кои преовладуваат во домашниот безбедносен сектор.

Покрај овие претежно симболички стратегии, провајдерите вложија големи напори и во развојот на правно засновани односи со државните институции преку законската регулатива. Во Велика Британија, на пример, провајдерите лобираа во корист на регулација речиси четириесет години пред ваквиот институционален договор конечно да се кодифицира во вид на Закон за приватната безбедносна индустрија 2001 (White 2010). Слични сценарија има и во други географски различни локации, како Франција и Австралија (види Ocqueteau, 1993; Prenzler and Sarre, 1998, 2006). Во многу аспекти, регулацијата претставува стратегија за легитимирање *par excellence*, бидејќи иако таа подразбира спроведување на рестриктивна бирократска црвена линија за комерцијалните операции, таа подеднакво им дава на овие операции конкретен привид на 'државност'. Ова за возврат им дозволува на приватните безбедносни служби да се рекламираат не како комерцијални организации кои работат во согласност со приватните добра и профитните маржи, туку како своевидни заменици на државните институции кои дејствуваат во согласност со државно-загарантираното јавно добро (White, 2010).

Очигледно, политичкиот контекст на внатрешната безбедност во значителен степен ги обликува активностите на приватните безбедносни служби. Од перспектива на новата политичка економија, сепак е важно да се препознае дека во стварноста овој политички контекст се одвива покрај и се преклопува со економскиот контекст, којшто беше разгледан погоре. Се чини дека е јасно дека законите на понудата и побарувачката во домашниот безбедносен сектор се посредувани од страна на еден сет на длабоко вкоренети политички норми за тоа како треба да биде испорачувана безбедноста. Сепак, ова е потценета динамика. Истражувачи во ова поле ретко прават експлицитни и системски врски меѓу политичкиот и економскиот контекст, наместо тоа настојувајќи да се фокусираат на овие проблеми изолирано или да укажат само на некакви рудиментарни врски помеѓу нив. Како резултат на тоа, еден од клучните предизвици во оваа област е да се развие агенда која ги охрабрува истражувачите да испитаат како и економскиот и политичкиот контекст на внатрешната безбедност имаат ефект на взаемно обликување на однесувањето на современите приватни безбедносни актери.

Преостанатиот дел на овој труд претставува обид да се одговори на овој предизвик од перспектива на новата политичка економија. Тоа се прави во два чекори: прво, се истражува степенот до кој двете главни теоретски рамки во оваа област на истражување можат да се користат во насока на градење на оваа агенда, така искористувајќи ја концептуалната работа во оваа област којашто е веќе завршена; второ, се

оди над овие рамки, со цел да се конструира нова политичка економија на приватната безбедност.

### Јазолно управување и вкотвен плурализам

Во текот на изминатите две децении, изучувањето на домашната безбедност е под доминантно влијание на две теоретски рамки: моделот на јазолно управување и моделот на вкотвен плурализам. И двете го концептуализираа денешниот безбедносен пејзаж во поширока смисла - со фокусирање на активностите на државните и не-државните актери и во развиените и во младите демократии - создавајќи бројни согледувања кои се надвор од опсегот на оваа статија. За нашата цел, сепак, овие два модели се важни, бидејќи - во скратени формулации изнесени подолу - тие стојат во челните редови на концептуалните истражувања на домашната приватна безбедност во развиените демократски земји. Оттука, тие го одбележуваат теренот на она што е досега постигнато во одговарањето на предизвикот да се развие истражувачка агенда која ќе објасни како и политичкиот и економскиот контекст на внатрешната безбедност истовремено го обликуваат постапувањето на приватните безбедносни актери.

*Јазолно управување*

Моделот на јазолно управување стана значаен во средината на 90-тите години (иако неговите интелектуални корени може да се проследат назад до почетокот на 80те години) како прв експлицитен обид за концептуализирање на сè популаризираниот сектор на домашната безбедност. Негови клучни теоретичари се Shearing, Johnston и Wood (види: Shearing, 1996; Johnston и Shearing, 2003; Shearing и Wood, 2003; Shearing, 2006; Wood и Shearing, 2007)- иако и многу други придонесоа за развојот на моделот, и тоа во голем број интересни насоки (на пример: Dupont, 2004, 2006; Kempa et al, 2004; Kempa and Singh, 2008; Marks and Wood 2010). Заедно, овие научници направија значителен придонес кон задачата на разбирање на обезбедувањето на современата безбедност во неговите најразлични форми. Сепак, важно е да се нагласи дека, гледано од перспектива на новата политичка економија, овие научници имаат тенденција да се фокусираат повеќе на економскиот контекст на домашната приватна безбедност отколку на политичкиот контекст.

Моделот се појави како начин на испитување и генерализирање на воопштување на емпириските наоди на Shearing и Stenning (1981, 1983) од раните 1980-ти за односот помеѓу масовната приватна сопственост и појавата на приватната домашна безбедност. Како последица на овој фокус, неговите поддржувачи првенствено се занимаваат со "мапирање" на плурализираните безбедносни аранжмани кои постојат во локализирани географски простори - односно со "јазлите" - а потоа да осмислат како тие јазли се однесуваат еден кон друг во пошироките безбедносни мрежи. Со цел да конструираат такви мапи на јазли, тие се повикуваат на клучните концепти на теоријата на управување, како што се институциите, практиките, менталитетите, знаењето и ресурсите (генерално за теоријата за управување види: Smith, 1993, 1999; Rhodes, 1997; Pierre and Peters, 2000; за јазолното мапирање види: Johnston and Shearing, 2003; Wood, 2006; Wood and Shearing, 2007). Клучниот постулат кој го истакнуваат при конструирањето на овие мапи е дека никаков *a priori* акцент не треба да се става на јавните безбедносни аранжмани за сметка на приватните. Според нив, доколку се стори тоа суштински би значело враќање назад во монополистичкиот систем кој е веќе во процес на трансцендирање. Наместо тоа, според нив, на конституирањето на секој јазол мора да му се пристапи како на "емпириски отворено прашање" без претходна диспозиција кон јавната или кон приватната сфера (Shearing and Wood, 2003: 404).

Користејќи ја оваа теориска рамка, теоретичарите на јазолното управување ја поставија задачата на мапирање на современиот безбедносен пејзаж. Широчината на ова мапирање е импресивна и се протега надвор од фокусот на ова статија, и опфаќа делови на Латинска Америка (Wood и Caria, 2006) и Африка (Shearing и Berg, 2006; Kempa и Singh, 2008; Marks и Wood, 2010), како и глобалните терористички мрежи (Wood и Shearing, 2007) и глобалните безбедносни институции (Shearing и Johnston, 2010). Во однос на домашната безбедност во развиените демократски земји, тие сепак илустрираат како во последните децении, многу (ако не и најголемиот број) од денешните јазли се населени не само од институциите на јавниот сектор, како што е полицијата, туку и од институциите на приватниот сектор, како што се давателите на услугите на приватно обезбедување. Движејќи се помеѓу различните јазли во текот на нивниот секојдневен живот - од трговски центри, индустриски комплекси и затворени заедници до аеродроми, градски центри и национални гранични премини - граѓаните се среќаваат со различни безбедносни режими кои се одликуваат и со јавни и со приватни институции, практики, менталитети, знаење и ресурси (види, на пример: Shearing and Stenning, 1987; Kempa et al, 2004; Button, 2007, 2008; Van Steden, 2007).

Во контекст на рамката на јазолното управување се чини дека нема простор за акомодирање и на економските и на политичките мета-трендови кои беа идентификувани во погоре во статијата. Меѓутоа, при анализа на динамиката на домашната приватна безбедност, кај истражувачите кои работат од оваа перспектива постои видлива тенденција да се фокусираат повеќе на економскиот контекст на домашната безбедност отколку на политичкиот. Особено, тие вообичаено ги објаснуваат моделите на раст на домашното приватно обезбедување, повикувајќи се на појавата на масовна приватна сопственост како одговор на менување на моделите за криминал и растечката несигурност. Несомнено, тие навистина ги дискутираат и политичките трендови, како што е значајната промена во управувачките менталитети тргнувајќи од "социјалниот либерализам" до "минималната држава, пазарно-ориентираните модели на неолиберализмот и неоконзервативизмот", истакнувајќи ја улогата што ова го има во олеснувањето на проширување на приватно обезбедување (Kempa et al 2004: 575; see also Shearing and Wood, 2003; Ayling, Grabowsky and Shearing, 2009). Но, таквите дискусии - со нивниот фокус на продлабочувачката логиката на пазарот и на стеснувањето на политичката сфера - имаат ефект на консолидирање на ставот за централното место на економски контекст во нивните дела, но не и на негово балансирање во однос на подеднакво важниот политички контекст на домашната приватна безбедност. Оттука, упатувањата на политичкиот контекст се сосема ретки. До денес, не постои систематски обид на истражувачите кои работат од позициите на оваа теориска рамка да ги истражат или легитимациските дејности во коишто најголемиот број приватни безбедносни актери се моментално ангажирани или политичките резони кои стојат зад нив. Наместо тоа, овие актери генерално се сметаат како да се неограничени од страна на државно-центричките политички норми кои го конституираат современиот безбедносен сектор во многу напредни демократски земји.

Ова не значи дека моделот на јазолно управување исклучува анализа на овој политички контекст. Со оглед на становиштето дека моделот е "емпириски отворен", не постои причина зошто легитимирачките активности - заедно со причините кои стојат зад нив - не би можеле да бидат мапирани на безбедносните јазли, таму каде што тие ќе се појават. Сепак, постои кредибилна причина зошто овој контекст не е истакнат позначајно во анализата на јазолното управување. Тоа е затоа што моделот е честопати врамуван - особено од Shearing, Johnston и Wood - како експлицитна критика на оние анализи на гарантирањето на домашната безбедност кои тргнуваат од државно-фоксуираните "вестфалиски" анализи, кои добија на значење во текот на монополската ера и продолжија да имаат големо влијание врз современите истражувања во општествените науки (види особено: Shearing and Wood, 2003: 418-419; Shearing, 2006: 29-30; Shearing and Johnston,

2010: 496-498). Според овие теоретичари, проблемот со овие модели е што "се обидуваат да сфатат што се случува од гледна точка на она што го заменува старото" (Shearing and Wood, 2003: 418) - тие се обидуваат да ја протолкуваат сегашноста и иднината преку призмата на минатото. Со ова на ум, Shearing and Wood, 2003: 418 експлицитно го дизајнираа моделот на јазолно управување за да ја концептуализираат постмонополската ера во гарантирањето на безбедноста. Тоа, се разбира, објаснува зошто овој модел е толку ефикасен во доловувањето на порадикалните тенденции во современиот безбедносен сектор. Контра-критиката на оваа футуристичка ориентација, пак, се фокусира на тоа што гарантирањето на домашната безбедност денес - особено во развиените демократски држави - сѐ уште се обликува од наследството на монополската ера, што е евидентно поради тековното влијание на оние политички вредносни норми чие потекло може да се проследи до дискурзивното и институционалното формирање на државниот монопол врз безбедноста. Така, иако моделот на јазолно управување не ја исклучува анализата за политички контекст, начинот на кој тој е врамен може да води во насока на објаснувањето зошто досега не е развиена системска анализа на овој контекст во рамките на литературата на јазолното управување.

*Вкотвен плурализам*

Моделот на вкотвен плурализам е тесно поврзан со делата на Loader и Walker (2001, 2006, 2007) и се појави како главна алтернатива за моделот на јазолно управување како призма низ која може да се толкува менливата природа на современиот безбедносен пејзаж. И овој модел има даде значаен придонес за проектот на реконструкција на динамиката на приватната безбедност денес. Погледнат од перспективата на новата политичка економија, сепак, може да се забележи дека овој модел има тенденција да се фокусира повеќе на политичкиот контекст на приватно обезбедување отколку на економскиот контекст.

Како и теоретичарите на јазолното управување, така и Loader и Walker редовно го користат јазикот на теоријата на управување за да ја зацртаат динамиката на домашната безбедност и за да направат референца на менливите економските сили, а со цел да се разбере траекторијата на современата приватна безбедност. Клучната точка на разидување помеѓу два модела е во улогата на државата, подеднакво во нормативна и во емпириска смисла. Додека теоретичарите на јазолното управување не заземаат никаква конзистентната нормативна позиција во однос на идеалната улога на државата, тврдејќи дека таквите прашања треба да се адресираат од јазол до јазол, Loader и Walker

претпоставуваат експлицитна нормативна/вредносна позиција во овој поглед. Иако се свесни за потенцијално опасната природа на обезбедувањето на безбедноста од страна на државата, тие резонираат дека една реформирана и реконституирана држава би претставувала најефикасно, морално оправдано и општествено одговорно средство за испорачување на безбедност денес. Според нив, државата треба да биде "котвата" на плуралноста на безбедносните актери во современиот безбедносен сектор и тоа цврсто во јавен интерес (Loader и Walker, 2006, 2007). Овој нормативен став е проследен паралелно со силен емпириски фокус врз обезбедувањето на безбедноста од страна на државата, особено нејзиното влијание врз современите општествени односи. Оттука, Loader и Walker на монополската ера и на државно-центричните "вестфалски" модели на гарантирање на безбедноста гледаат како на нешто што има континуирано значење за современиот безбедносен сектор.

Целосниот опсег на делата на Лоадер и Вокер се протега надвор од фокусот на оваа статија, поради тоа што тие се протегаат од домашната во глобалната сфера (види Loader и Walker, 2007). Затоа, неопходно е да се фокусираме на оној дел од нивната научна работа во насока на доразвивање и генерализирање на емпириски наоди од средината на 90-те години за улогата на симболизмот и културната моќ во односите помеѓу домашната јавност и приватната безбедност (Loader, 1997a / b / C). Со цел да се разбере овој однос, Loader и Walker мапираа серија иновативни врски помеѓу современата домашна безбедност и длабоко всадените политички норми кои го одбележаа овој сектор во текот на современата историја. Тие се фокусираат особено на оние вредносни норми кои имаат корен во просветителската политичка мисла - особено филозофијата на општествениот договор на Хобс (1996, Books 1 & 2) и на Locke (1998, Book 2) - каде што идејата за воинствената состојба во природата, во која секој поединец се грижи за неговите или нејзините сопствени интереси (вклучувајќи ја и безбедноста) е во спортивност со едно мирно и просперитетно граѓанско општество во кое ред воспоставува една добронамерна држава.

Loader и Walker ја развија оваа врскана следниот начин:

„..како институција која тесно е загрижена за заштитата на државата и безбедноста на нејзините граѓани, која е длабоко испреплетена со некои длабоки надежи, стравови, фантазии и вознемиреност за прашања како што се животот/смртта, поредокот/хаосот и заштитата/ранливоста, полицијата останува тесно поврзана со чувството на луѓето за онтолошка безбедност и за колективен идентитет, и е способна за генерирање на високи, емотивно исполнети нивоа на идентификација помеѓу граѓаните (2001: 20).

Во оваа концептуализација јавната полиција се јавува во улога на претставник на просветителскиот проект да се совладаат `смртта, хаосот и ранливоста` (т.е. природната состојба) и да се максимизира `животот, редот и заштитата` (т.е. едно мирно и просперитетно граѓанско општество). За Loader и Walker, поврзаноста помеѓу јавната полиција и цивилната сфера за многу луѓе станала натурализирана: `најбазичната координата на значење преку која го гледаме светот` (Loader and Walker 2007: 44). Поради оваа поврзаност, сметаат тие, денешните полициски сили во многу развиени демократски земји уживаат толку високо ниво на симболичка моќ, културна поддршка и легитимитет, дури и соочени со контроверзии кои се повторуваат (види, исто така, Loader, 1997 b). Сепак, значајно е што за Loader и Walker оваа "основна координата на значење" има спротивен ефект врз приватната безбедност, бидејќи `... логиката на пазарната распределба оди наспроти општествените значења кои ја придружуваат безбедноста во либералните демократии` (Loader 1997c: 381). Поради тоа што приватната безбедност ја еродира културната приврзаност на луѓето кон јавната полиција - а со тоа и на просветителскиот проект на мирољубиво и просперитетно општество - таа воглавно се смета за неморална и неправична, а ужива и многу ниска симболичка моќ, културна поддршка или легитимитет.

Оттука Loader и Вокер издвојуваат важна концептуална основа во однос на политичкиот контекст на домашната безбедност. Тие илустрираат, на пример, зошто приватни безбедносни служби инвестираат толку многу време и напори во легитимациски активности, како што се инкорпорирање на (поранешни) претставници на државниот монопол во своите редови, присвојувајќи го симболизмот на државата, а во некои екстремни случаи, и лобирајќи за систем на законска регулатива. Тоа е така затоа што тие свесно сакаат да ги одделат своите операции од комерцијалната логика, којашто толку го `навредува` јавниот сензибилитет во врска со домашната безбедност и наместо тоа да ги усогласат своите активности со просветителскиот проект за поразување на `смртта, хаосот и ранливоста` и максимизирање на `животот, поредокот и заштитата`. Сепак, економскиот контекст на домашната приватна безбедност речиси и да не е застапен во нивните дела. Додека тие ценат дека домашното приватно обезбедување доживува експанзија во согласност со промените во понудата и побарувачката, тие не даваат доволно насоки за тоа како да се истражува овој економски контекст. Ова е проблематично, затоа што оставајќи ги факторите на понудата и побарувачката во заднина, тие го потценуваат субјективитетот на приватните безбедносни служби. Во нивните дела, давателите на услуги се вклучени во борба за усогласување на нивните активности со политички норми кои преовладуваат во домашниот безбедносен сектор, но не е јасно дали тие прават некаков прогрес или не. Навистина, честопати се чини како да тие засекогаш да се предодредени

губат пред културно супериорните и симболички помоќните јавни полициски сили. Сепак, ова е далеку од вистината, бидејќи овие агенции капитализираа врз основа на флуктуациите помеѓу побарувачката и понудата до степен во кој тие сега се ангажирани во челните позиции безбедносни операции во напредните демократски земји ширум светот. И покрај ограничувачкото влијание на длабоко вкоренетите политички вредносни норми кои се вградени во домашниот безбедносен сектор, тие немаат моќ да ја променат конституцијата на овој сектор во текот на времето.

Не постои длабока причина зошто овие економски фактори не можат да бидат целосно интегрирани во моделот на вкотвениот плурализам. Loader и Walker сигурно би можеле да ги задржат своите сознанија за начинот на кој приватните безбедносни актери се ограничени со интер-субјективните политички норми, а во исто време да стават и повеќе акцент на начинот на кој овие актери се оснажуваат поради дејството на законот на понудата и побарувачката. Сепак, постои кредибилно објаснување за овој пропуст. Посеопфатното вградувањето на пазарната логика во нивните анализи навистина има обратен ефект на движењето на нивниот емпириски наратив, туркајќи подалеку од нивниот вредносен идеал на безбедносен систем закотвен во државата, што генерира растечки степен на тензијата помеѓу емпириските и нормативните димензии на нивниот модел. Се разбира, оваа тензија во никој случај не е непомирлива, но таа бара поставување на нов баланс. Така, иако моделот на закотвен плурализам не исклучува анализа на економскиот контекст, начинот на кој моделот е нормативно врамен може да помогне во објаснувањето зошто не постои систематска анализа на понудата и побарувачката досега не е развиена во рамките на оваа литература.

## Нова политичка економија на приватната безбедност

Јасно е дека еден од клучните предизвици во ова поле е да се конструира агенда која ги охрабрува истражувачите да го испитаат ефектот и на економскиот контекст и на политичкиот контекст на домашната безбедност врз взаемното обликување на постапувањето на современите приватни безбедносни актери. Целта на овој дел од статијата е да зацрта таква агенда во вид на нова политичка економија на приватната безбедност. Ова ќе биде направено по пат на зацртување серија на истражувачки прашања, методолошки техники и аналитички предлози кои може да се користат за проучување на политичката економија на приватно обезбедување на систематски, избалансиран и интегриран начин. Важно е да се нагласи дека, сепак, логиката на оваа

агенда не подразбира отфрлање на сознанијата на моделите на јазолно управување и на закотвен плурализам, туку преформулирање на дел од клучните размисли артикулирани во овие модели и тоа во нова рамка на политичка економија.

Кога се истражува динамиката на домашната приватна безбедност во развиените демократски земји, истражувачите би требало да поставaт две групи на прашања, а потоа да продолжат да се потпираат на две меѓусебно поврзани методолошки техники, со цел да дојдат до одговори на овие прашања. Првиот сет на прашања треба да се однесува на економскиот контекст на домашната безбедност и на соодветната економската рационалност која произлегува од овој контекст. Клучните прашања ги вклучуваат следните: кои флуктуации во понудата и побарувачката се одговорни за олеснување на експанзијата на приватните безбедносни служби?; кои бизнис стратегии ги употребуваат овие даватели на безбедносни услуги со цел да профитираат од овие флуктуации?; и, како овие стратегии влијаат на испораката на домашната безбедност? Следно, методолошките техники на јазолното мапирање - онака како што се развиени од страна на теоретичарите - треба да се користат за да се дојде до одговорот на овие прашања. На овој начин, би требало да биде можно да се истражуваат како моделите на криминал, граѓанската несигурност и имотно-правните односи варираат помеѓу различни јазли и да се истражи како се обликувани приватните безбедносни институции, практики, менталитети, знаење и ресурси како одговор на овие трендови.

Вториот сет на прашања треба да се однесува на политичкиот контекст на домашната безбедност и на соодветниот политички резон која произлегува од таквиот контекст. Клучните прашања ги вклучуваат следните: кои интер-субјективни политички норми служат за ограничување на активностите на приватните безбедносни служби?; какви политичките стратегии применуваат давателите на услуги за да го најдат својот пат помеѓу овие норми?; и како овие стратегии влијаат врз обезбедувањето на домашната безбедност? Следно, методолошката техника на историски заснованото истражување на културата - како што е развиена од страна на теоретичарите - треба да се користи за да се одговори на овие прашања. На тој начин, би требало да биде можно да се разбере и како и зошто приватните даватели на безбедносни услуги користат најразлични стратегии за легитимирање - вклучувајќи (но не ограничувајќи се на) политики за вработување ориентирани кон државата, присвојување на државниот симболизам и потрагата по законска регулатива - со цел да се зголеми привлечноста на нивните операции кај неретко скептичното население кое обично очекува домашната безбедност да ја гарантираат државните служби.

Откако се поставени овие прашања и се добиени соодветни одговори со користење на соодветни методолошки техники, истражувачите треба да се обидат да ги интегрираат овие економски и политички димензии во единствен наратив. Овој процес на интеграција треба да се одвива во согласност со две клучни аналитички предиспозиции. Прво, важно е да се препознае дека однесувањето на приватните безбедносни актери во напредните демократски земји не е генерално конституирано во однос со единствена стварност, туку дека тоа е попрво развиено во согласност со (најмалку) две различни стварности: економската и политичката. Второ, од клучно значење е да се признае дека диференцијалното однесување кое резултира од овие две стварности е во многу инстанци заемно конститутивно. На пример, приватните безбедносни актери честопати можат успешно да профитираат од пазарните флуктуации само со истовремено ангажирање во стратегиите за легитимација. Обратно, тие можат честопати успешно да ги реализираат своите легитимирачки стратегии со користење на ресурсите и влијанието коишто ги имаат стекнато по пат на искористување на пазарните флуктуации. Затоа, истражувачите треба да ги перципираат приватните безбедносни субјекти како политички економски актери кои се движат напред и назад во рамки на дијалектиката на една политичка економија.

Применувајќи ги овие истражувачки прашања, методолошки техники и аналитички искази, е можно да се фрли нова светлина врз голем број на клучни прашања кои се сместени во сивата зона каде што политиката/економијата, државите/пазарите и структурата/дејноста влијаат едни на други и заемно се конституираат. Овие проблеми ги вклучуваат (но не се ограничени на): моделите на раст на приватното обезбедување и неговите траектории; динамиката на легитимацијата; односите меѓу приватните безбедносни служби и државни институции; конкурентните логики на регулативата; и врските помеѓу безбедноста и јавното добро. Со цел да се обезбеди поконкретна демонстрација на тоа како овие прашање можат да се толкуваат преку призмата на новата политичка економија, корисно е накусо да се истражат некои од клучните прашања со кои се соочуваат истражувачите во оваа област.

*Како приватните даватели на безбедносни услуги станаа толку значајни*? Во економска смисла, тие ги проширија своите операции одговарајќи на серија флуктуации во законите на понудата и побарувачката. Притоа, тие дејствуваат како успешни бизнисмени кои работат во согласност со економската рационалност која дава приоритет на пазарната логика. Напредокот на оваа економска експанзија треба да биде исцртан со користење на аналитички техники на јазолно мапирање, коишто служат за разграничување на тоа како гарантирањето на безбедност во локализирани простори сè повеќе се дефинирани од практиките, менталитетите, бази на знаење и ресурсите на комерцијалните актери. Сепак,

оваа експанзија не е водена само од економската рационалност. Во политичка смисла, тие се вклучиле во серија активности дизајнирани да ги помират нивните комерцијални операции со државно-центричните политички норми кои го структурираат безбедносниот сектор. Притоа, тие дејствуваат како квалификувани политички стратези функционирајќи во согласност со политичка рационалност која дава приоритет на логиката на легитимитетот. Овој процес треба да се толкува со употреба на историски-втемелените културни леќи, дизајнирани да ги ситуираат овие актери во рамките на пошироката општествено-политичка траекторија на давателите на безбедноста.

*Кој е нивниот однос со државата?* Приватни безбедносни актери честопати имаат комплексен однос со државата. Во економска смисла, државата е конкурент, контрактор и партнер. Балансот помеѓу овие улоги е флуиден и затоа треба да се мапира од јазол до јазол. Во политичка смисла, пак, државата го претставува примарниот извор на легитимитетот кој им е потребен на овие актери за да се стекнат со цврста основа во безбедносниот сектор на домашниот пазар. Со цел да го присвои овој легитимитет, тие можат или да ја позајмуваат од државниот симболизам или тие да ги насочат своите комерцијални активности во позиција во која се директно контролирани од страна на државните институции по пат на законска регулатива. Овој процес обично се одвива во рамки на целата безбедносна мрежа, и не е изолиран во одделни јазли, па треба да се испитува преку историски-засновани културни спектари кои прават пресек преку сите јазли кои се предмет на истражување.

*Кој е нивниот однос со јавното добро?* Нивниот однос со јавното добро е подеднакво комплексен. Во економска смисла, овој однос варира од договор до договор. Тоа е така затоа што иако договорите на јавниот сектор обично ги насочуваат приватните безбедносни операции кон извесна концепција за јавното добро, договорите во приватниот сектор неретко се насочени во сосема поинаква насока. Според оваа економска логика, тогаш, односот помеѓу приватни безбедносни субјекти и јавното добро е детерминиран надворешно со преференциите на нивните клиенти, па овие преференции треба одново да се мапираат од јазол до јазол. Во политичка гледна смисла, пак, овие даватели на услуги се истовремено вклучени во тековните напори да го усогласат своето работење со државно-центричните политички норми кои преовладуваат во безбедносниот сектор, и важно е да се напомени дека овие норми се тесно поврзани со идејата за безбедност како јавно добро. Така, процесот на помирување предизвикува интернализирање на логиката на јавно добро до одреден степен од страна на приватните безбедносни актери - тие всушност стануваат носители на јавно добро, кога се обидуваат да се пожалат на очекувањата дека безбедноста треба да се изведува исклучиво од страна на државата. Овој

политички процес генерално се одвива низ целата безбедносна мрежа, а не само во изолирани јазли, што како последица бара уште еднаш да се протолкува преку широк и историски основан културен спектар.

*Каква е иднината надавањето безбедносни услуги?* Честопати се чини дека подемот на приватната безбедност означува појава на нова (постмодерна) ера на плурализирано обезбедување на безбедноста во кој мрежните јазли брзаат да ги засенат монополските аранжмани на модерната ера. Во извесна смисла, ова е точно. Вистина е дека со децении приватните безбедносни служби активно учествуваат во усогласување на своите операции со државно-центричните политички норми кои се синоним за модерната ера. Така, иако стварноста на гарантирањето на домашната безбедност можеби се поместила од овие монополистички аранжмани, тоа не е случај со јавната идеја за гарантирањето на безбедноста. Многу луѓе во развиените демократски земји остануваат исклучително приврзани на идејата за државен монопол во областа на безбедноста. Оваа трајна приврзаност ги принуди приватните безбедносни служби да се рекламираат не само како комерцијални организации кои обезбедуваат приватни добра, но исто така и како државно-заменски организации кои дејствуваат во согласност со јавното добро. Во децениите што доаѓаат, обезбедувањето на домашна безбедност веќе нема да биде доминирано од страна на модерната држава како што тоа некогаш беше случај, но нема ниту така брзо да напредува во постмодерен систем во кој идејата за државен монопол е одамна заборавена. Дваесет и првиот век ќе ја затече домашната безбедност во период на значаен флукс во кој јазолната мрежа на плурализирано обезбедување на безбедност се преклопува со традиционалните, државно-центричките политички норми, чии корени може да се проследат наназад до Просветителството.

Заедничка нишка на овие одговори е динамичната интеракција меѓу политиката/економијата, државите/пазарите и структурата/дејноста. Оваа интеракција се наоѓа во срцето на новата анализа за политичка економија. Важно е да се напомене дека, сепак, природата на оваа интеракција е веројатно дека ќе се разликува во зависност од географската локација. Тоа е така затоа што некои земји доживеале поизразени промени во понудата и побарувачката од други. На пример, додека приватните безбедносни офицери значително го надминуваат бројот на полицајци во Канада, Јужна Африка и САД, овој однос е обратен во голем број европски земји (Brodeur, 2010: 268-275), што укажува на различни стапки на експанзија. Исто така, некои земји (на пример, Велика Британија, Канада и Франција) се чини дека имаат подлабоко вградени државо-центрични политички норми од други (на пример, САД) (White, 2010). Оттука, истражувачите треба да бидат подготвени да постават различни баланси помеѓу влијанието на политичкиот и

економскиот контекст и различни стварности зависно од тоа како тие се движат во различните земји. Сепак, може да се претпостави дека елементите на овој нов наратив на политичка економија може да се најде во повеќето напредни демократски земји. Токму поради оваа причина новата истражувачка агенда може да биде од голема полза.

## Заклучок

Подемот на приватната безбедност во последниве децении е поттикнат од бројни и конкурентни контексти и стварности. Среде оваа комплексност лесно е да се пропушти целосната слика. Ова е причината зошто е потребно да се изгради опсежна и амбициозна агенда на која ќе се потпираат истражувачите и која ќе ги води кон нови и важни нивоа на истражувања. Новата политичка економија на приватната безбедност претставува една таква агенда. Со поставување на серија на истражувачки прашања, методолошки техники и аналитички предлози за изучување на областа каде што политиката/економијата, државите/пазарите и структурата/дејноста се судираат меѓусебно и се конституираат заемно, таа означува значајна нова академска територија. Се разбира, ниту една агенда или теоретска рамка не може да ги опфати сите тековни процеси - општествениот свет е премногу комплексен за тоа. Но, во обезбедувањето на алатки кои ќе им овозможат на истражувачите да ги адресираат клучните прашања кои се однесуваат на приватното обезбедување на нови начини, новата политичка економија на приватна безбедност треба да се користи заедно со други агенди и теоретски рамки во оваа област, а со цел да се генерираат што повеќе сознанија во врска со овој општествен феномен.

## Библиографија


1. Ayling, Julie, Peter Grabowsky and Clifford Shearing (2009) *Lengthening the Arm of the Law: Enhancing Police Resources in the Twenty-First Century.* Cambridge: Cambridge University Press.
2. Ayling, Julie and Clifford Shearing (2008) 'Taking Care of Business: Public Police as Commercial Security Vendors', *Criminology and Criminal Justice* 8(1): 27-50.
3. Braithwate, John. (2000) 'The New Regulatory State and the Transformation of Criminology', in David Garland and Richard Sparks (eds) *Criminology and Social Theory,* pp.47-69. Oxford: Oxford University Press.

4. Brodeur, Jean-Paul (2007) 'An Encounter with Egon Bittner', *Crime Law and Social Change* 48: 105-132.
5. Brodeur, Jean-Paul (2010) *The Policing Web*. Oxford: Oxford University Press.
6. Bunyan, Tony (1977) *The History and Practice of the Political Police in Britain.* London: Quartet.
7. Button, Mark (2007) *Security Officers and Policing: Powers, Culture and Control in the Governance of Private Space.* Aldershot: Ashgate.
8. Button, Mark (2008) *Doing Security: Critical Reflections and An Agenda for Change.* Basingstoke: Palgrave Macmillan.
9. Crawford, Adam (2006) 'Networked Governance and the Post-Regulatory State: Steering, Rowing and Anchoring the Provision of Policing and Security', *Theoretical Criminology* 10(4): 449-479.
10. Gamble, Andrew, Anthony Payne, Ankie Hoogvelt, Michael Dietrich and Michael Kenny (1996) 'Editorial: New Political Economy', *New Political Economy* 1(1): 5-11.
11. Garland, David (1996) 'The Limits of the Sovereign State: Strategies of Crime Control in Contemporary Society', *British Journal of Criminology* 36(4): 445-470.
12. Gurr, T. R. (1977) 'Crime Trends in Modern Democracies Since 1945', *Annales Internationles De Criminologie*16(1-2): 41-85.
13. Hobbes, Thomas (1996) *Leviathan.* Oxford: Oxford University Press.
14. Johnston, Les (1992) *The Rebirth of Private Policing.* London: Routledge.
15. Johnston, Les and Clifford Shearing (2003) *Governing Security: Explorations in Policing and Justice.* London: Routledge.
16. Jones, Trevor and Tim Newburn (1998) *Private Security and Public Policing.* Oxford: Clarendon Press.
17. Jones, Trevor and Tim Newburn (2006) 'Understanding Plural Policing', in Trevor Jones and Tim Newburn (eds) *Plural Policing: A Comparative Perspective,* pp. 1-11. London: Routledge.
18. Kempa, Michael and Anne-Marie Singh (2008) 'Private Security, Political Economy and the Policing of Race: Probing Global Hypotheses Through the Case of South Africa', *Theoretical Criminology* 12(3): 333-354.
19. Kempa, Michael, Philip Stenning and Jennifer Wood (2004) 'Policing Communal Spaces: A Reconfiguration of the 'Mass Private Property' Hypothesis', *British Journal of Criminology* 44: 562-581.
20. Loader, Ian (1997a) 'Private Security and the Demand for Protection in Contemporary Britain', *Policing and Society* 7: 143-162.

21. Loader, Ian (1997b) 'Policing and the Social: Questions of Symbolic Power', *The British Journal of Sociology* 48(1): 1-18.
22. Loader, Ian (1997c) 'Thinking Normatively About Private Security', *Journal of Law and Society* 24(3): 377-394.
23. Loader, Ian and Neil Walker (2001) 'Policing as a Public Good: Reconstituting the Connections Between Policing and the State', *Theoretical Criminology* 5(1): 9-35.
24. Loader, Ian and Neil Walker (2006) 'Necessary Virtues: The Legitimate Place of the State in the Production of Security', in Jennifer Wood and Benoit Dupont (eds) *Democracy, Society and the Governance of Security,* pp. 165-195. Cambridge: Cambridge University Press.
25. Loader, Ian and Neil Walker (2007) *Civilizing Security.* Cambridge: Cambridge University Press.
26. Locke, John (1988) *Two Treatises of Government*. Cambridge: Cambridge University Press.
27. Maguire, Mike (2007) 'Crime Data and Statistics', in Mike Maguire, Rod Morgan and Robert Reiner (eds) *The Oxford Handbook of Criminology,* pp. 241-301. Oxford: Oxford University Press.
28. Marks, Monique and Jennifer Wood (2010) 'South African Policing at a Crossroads: The Case for 'Minimal' and 'Minimalist' Public Police', *Theoretical Criminology* 14(3): 311-329.
29. Neocleous, Mark (2008) *Critique of Security.* Edinburgh: Edinburgh University Press.
30. Ocqueteau, Frederik (1993) 'Legitimation of the Private Security Sector in France', *European Journal on Criminal Policy and Research* 1(4): 108-122.
31. Pierre, Jon and B. Guy Peters (2000) *Governance, Politics and the State.* Basingstoke: Macmillan.
32. Prenzler, Tim and Rick Sarre (1998) 'Regulating Private Security in Australia', *Australian Institute of Criminology: Trends and Issues in Crime and Criminal Justice* 98: 1-6.
33. Prenzler, Tim and Rick Sarre (2006) 'Australia', in Trevor Jones and Tim Newburn (eds) *Plural Policing: A Comparative Perspective,* pp. 169-189. London: Routledge.
34. Rawlings, Philip (2003) 'Policing Before the Police', in Tim Newburn (ed.) *Handbook of Policing*, pp. 41-65. Cullompton: Willan.
35. Reiner, Robert (1992) 'Policing a Postmodern Society', *Modern Law Review* 55(6): 761-781.

36. Rhodes, R. A. W. (1997) *Understanding Governance: Policy Networks, Governance, Reflexivity and Accountability.* Maidenhead: Open University Press.
37. Shearing, Clifford (1992) 'The Relation Between Public and Private Policing', *Crime and Justice* 15: 399-434.
38. Shearing, Clifford (1996) 'Reinventing Policing: Policing as Governance', in Otwin Marenin (ed.) *Policing Change, Changing Police: International Perspectives*, pp. 285-305. New York: Garland.
39. Shearing, Clifford (2006) 'Reflections on the Refusal to Acknowledge Private Governments', in Jennifer Wood and Benoit Dupont (eds) *Democracy, Society and the Governance of Security,* pp.11-32. Cambridge: Cambridge University Press.
40. Shearing, Clifford and Julie Berg (2006) 'South Africa', in Trevor Jones and Tim Newburn (eds.) *Plural Policing: A Comparative Perspective*, pp. 222-238. London: Routledge.
41. Shearing, Clifford and Les Johnston (2010) 'Nodal Wars and Network Fallacies: A Genealogical Analysis of Global Insecurities', *Theoretical Criminology* 14(4): 495-514.
42. Shearing, Clifford and Philip Stenning (1981) 'Modern Private Security: Its Growth and Implications', *Crime and Justice* 3: 193-245.
43. Shearing, Clifford and Philip Stenning (1983) 'Private Security – Implications for Social Control', *Social Problems* 30(5): 493-506.
44. Shearing, Clifford and Philip Stenning (1987) 'Say 'Cheese': The Disney Order That Is Not So Mickey Mouse', in Clifford Shearing and Philip Stenning (eds.) *Private Policing*, pp. 317-324. London: Sage.
45. Shearing, Clifford and Jennifer Wood (2003) 'Nodal Governance, Democracy and the New Denizens', *Journal of Law and Society* 30(3): 400-419.
46. Sklansky, David A. (1999) 'The Private Police', *UCLA Law Review* 46(4): 1165-1287.
47. Smith, Martin J. (1993) *Pressure, Power and Policy: State Autonomy and Policy Networks in Britain and the United States.* Hemel Hempstead: Harvester Wheatsheaf.
48. Smith, Martin J. (1999) *The Core Executive in Britain.* London: Palgrave.
49. Spitzer, Steven (1987) 'Security and control in capitalist societies: The fetishism of security and the secret thereof', in J. Lowman, Robert J. Menzies and T. S. Palys (eds) *Transcarceration: Essays in the Sociology of Social Control,* pp. 43-58. Aldershot: Gower.
50. Spitzer, Steven (1993) 'The Political Economy of Policing', in David F. Greenberg (ed) *Crime and Capitalism: Readings in Marxist Criminology,* pp. 568-594. Philadelphia: Temple University Press.

51. Spitzer, Steven and Andrew Scull (1977) 'Privatization and Capitalist Development: The Case of the Private Police', *Social Problems* 25(1): 18-29.
52. Stewart, James K. (1985) 'Public Safety and Private Police', *Public Administration Review* 45: 758-765.
53. Thumala, Angelica, Benjamin Goold and Ian Loader (2011) 'A Tainted Trade? Moral Ambivalence and Legitimation Work in the Private Security Industry', *British Journal of Sociology* (in press).
54. Van Steden, Ronald (2007) *Privatizing Policing: Describing and Explaining the Growth of Private Security*. Den Haag: BJu.
55. White, Adam (2010) *The Politics of Private Security: Regulation, Reform and Re-Legitimation.* Basingstoke: Palgrave Macmillan.
56. Wood, Jennifer (2006) 'Research and Innovation in the Field of Security: A Nodal Governance View', in Jennifer Wood and Benoit Dupont (eds.) *Democracy, Society and the Governance of Security,* pp. 217-240. Cambridge: Cambridge University Press.
57. Wood, Jennifer and Nancy Cardia (2006) 'Brazil', in Trevor Jones and Tim Newburn (eds.) *Plural Policing: A Comparative Perspective*, pp. 139-168. London: Routledge.
58. Wood, Jennifer and Clifford Shearing (2007) *Imagining Security.* Cullompton: Willan.
59. Yoshida, Naoko (1999) 'The Taming of the Japanese Private Security Industry', *Policing and Society* 9(3): 241-161.
60. Zedner, Lucia (2003) 'Too Much Security?', *International Journal of the Sociology of Law* 31: 155-184.
61. Zedner, Lucia (2009) *Security.* London: Routledge.